Врз основа на член 8 и член 18 став 1 алинеја 12 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), а во врска со член 20 став 1 алинеја 10 од истиот Закон и член 16 став 1 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, согласно Заклучокот бр.02-2050/2 од 28.05.2021 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 15-та седница одржана на 28.05.2021 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

1. Се одобрува ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021 година, бр.05-4641/1 од 22.12.2020 година.

Вкупно планираните расходи според Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021 година остануваат на претходно утврденото ниво, односно изнесуваат 125.317.233,00 денари.

2. Со ребалансот од точка (1) на оваа Одлука се обезбедуваат финансиски средства во вкупен износ од 708.000,00 денари, наменети за анализа на родовите прашања за 2021 година. Со измените кои што се предлагаат, се обезбедуваат средства во износ од 708.000,00 денари, наменети за анализа на родовите прашања за 2021 година. Средствата кои беа планирани во финансискиот план за 2021 година од 708.000,00 денари и кои беа наменети за анализа на родовите прашања за 2021 година, Агенцијата ги искористи за реализација на Договорот за анализа на родовите прашања од 2020 година, кој се исплати во 2021 година. Причината што договорот се исплати во 2021 година, е што Агенцијата во 2020 година потпиша и Анекс на договорот од 2020 година и со тоа се пролонгираше, односно се одложи исплатата на истиот.

3. Обезбедувањето на финансиските средства од точка (2) на оваа Одлука се извршува со прераспределба на средствата на следната позиција:

- Групната ставка **417 – Интелектуални и други услуги** останува на претходно утврденото ниво и истата изнесува 19.839.000,00 денари.

- Позицијата **417800 – Други неспомнати услуги – истражување** останува на претходно утврденото ниво и истата изнесува 3.422.000,00 денари.
  На оваа позиција се изврши прераспределба на средствата кои беа планирани за доставување на податоци за досегот на радиостаниците и за уделот во вкупната гледаност на телевизиските станици што емитуваат програма на државно ниво преку сателит или преку јавна електронска комуникациска мрежа и на телевизиските станици што емитуваат програма на регионално и локално ниво и за оваа набавка беа планирани средства во износ од 1.888.000,00 денари. Се работи за намалување на средства кои беа планирани за спроведување на оваа јавна набавка и Агенцијата за наведената јавна набавка склучи договор со понизок износ од планираниот. Дел од останатите средства, односно 708.000,00 денари, Агенцијата ќе ги искористи за спроведување на јавната набавка – анализа на родовите прашања за 2021 година.

4. Оваа Одлука влегува во сила веднаш.

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги потребно е да изврши ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за 2021 година, со цел да се обезбедат средства наменети за анализа на родовите прашања за 2021 година. За да се обезбедат 708.000,00 денари, потребно е да се изврши прераспределба на средствата на следната позиција во усвоениот Финансиски план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021 година и тоа: Групната ставка 417 - Интелектуални и други услуги останува на претходно утврденото ниво и истата изнесува 19.839.000,00 денари. Позицијата 417800 – Други неспомнати услуги – истражување останува на претходно утврденото ниво и истата изнесува 3.422.000,00 денари. На оваа позиција се изврши прераспределба на средствата кои беа планирани за доставување на податоци за досегот на радиостаниците и за уделот во вкупната гледаност на телевизиските станици што емитуваат програма на државно ниво преку сателит или преку јавна електронска комуникациска мрежа и на телевизиските станици што емитуваат програма на регионално и локално ниво и за оваа набавка беа планирани средства во износ од 1.888.000,00 денари. Се работи за намалување на средства кои беа планирани за спроведување на оваа јавна набавка и Агенцијата за наведената јавна набавка склучи договор со понизок износ од планираниот. Дел од останатите средства, односно 708.000,00 денари, Агенцијата ќе ги искористи за спроведувањена јавната набавка – анализа на родовите прашања за 2021 година.

Имено, со предложениот ребаланс на финансискиот план за 2021 година, вкупните планирани расходи според планот ќе останат на претходно утврденото ниво, односно ќе изнесуваат 125.317.233,00 денари.

Следствено на сето погоре наведено, а врз основа на член 8 и член 18 став 1 алинеја 12 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), а во врска со член 20 став 1 алинеја 10 од истиот Закон и член 16 став 1 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, согласно Заклучокот бр.02-2050/2 од 28.05.2021 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 15-та седница одржана на 28.05.2021 година, донесе одлука како во диспозитивот.

**Бр.** 05-2098/1

28.05 **2021 година**

**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

Примерок од Одлуката да се достави до:

- Директорот;
- Секторот за финансии и логистика;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи-Архивата;